# УПАТСТВО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ

мај, 2021

Здружение на новинарите на Македонија

**Автор: д-р Марина Тунева**
**Уредник: м-р Драган Секуловски**

Публикацијата е изработена во рамки на проектот *„Градење отпорност против насилниот тероризам и екстремизмот преку зајакнати капацитети на новинари, медиуми и владини претставници”*, финансиран од страна на Европската унија во рамки на програмата СТРИВЕ Глобал (Strengthening Resilience to Violent Extremism -STRIVE Global) преку Хедаја (Hedayah, International Centre of Excellence for Countering Violent Extremism)

Содржината на публикацијата е одговорност единствено на авторот и ЗНМ, ИЕП и Институт Коница и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува ставовите и гледиштата на Европската Унија

# СОДРЖИНА

1. Вовед 3

2. Радикализација, насилен екстремизам и тероризам – терминолошки разграничувања 4

2.1. Радикализација 4

2.2. Екстремизам 5

2.3. Тероризам 5

3. Улогата на медиумите во известувањето за насилниот екстремизам и тероризам 6

3.1. Зошто е клучна одговорноста на медиумите? 6

3.2. Препораки за професионално и етичко известување 7

3.2.1. Верификување на информациите и информирање преку факти 7

3.2.2. Урамнотежено и независно информирање 9

3.2.3. Користење соодветен речник и терминологија 10

3.2.4. Избегнување на сензационалистичко известување 11

3.2.5. Користење соодветен контекст 12

3.2.6. Заштита на изворите на информации 13

3.2.7. Необјавување сензитивни информации и вознемирувачки и експлицитни содржини 13

3.2.8. Почит кон жртвите и нивните најблиски 15

3.2.9. Известување за тековни истраги и судски процеси 15

3.2.10. Креирање простор за дијалог 16

3.2.11. Претпазливо користење содржини од социјалните медиуми 17

# 1 ВОВЕД

Известувањето за тероризмот и другите форми на насилен екстремизам претставува голем предизвик за медиумите насекаде во светот. Пристапот до информации е отежнат, а новинарите се соочуваат со притисокот навремено да известуваат за текот на случувањата. Од нив се очекува да известуваат во интерес на јавноста, притоа водејќи сметка да не преидзвикаат каква било дополнителна штета со својата работа.

Одржувањето на професионална етика е отежнато, но е неминовно при известувањето за такви настани. Јавноста има право на точни и проверени информации, а медиумите се тие коишто треба да направат рамнотежа меѓу правото на информирање и должноста да се почитуваат основните норми и вредности на новинарството.

За темите од овој вид неретко се известува на сензационалистички начин, се пренесуваат изјави со коишто се загреваат тензиите, а на настаните им се дава етнички или религиски предзнак. Оттука, потребна е голема внимателност во информирањето. Она што е особено важно е новинарите да избегнат да им служат на интересите на терористите преку дисеминацијата на графички содржини и прекумерно чувствителни информации.[1] Тие мора да избегнат, несвесно или свесно, да им служат на сторителите на инциденти во остварувањето на нивната цел за ширење страв и поделби.

Целта на Упатството за професионално известување за насилниот екстремизам и тероризам е да им понуди препораки на медиумите и новинарите во соодветното адресирање и известување за овие теми. Препораките во него се засноваат на универзалните етички принципи на независност, рамнотежа меѓу слободата на информирање и одговорноста во информирањето, точноста и одговорноста во информирањето. Притоа, се поаѓа од тоа дека медиумите и новинарите се неопходен фактор за кохезија меѓу различните делови на општеството и играат исклучително важна улога во спречувањето на насилниот екстремизам и тероризам[2].

Се надеваме дека ова Упатство ќе се користи како појдовна основа при известувањето за теми поврзани со тероризам и насилен екстремизам и дека во иднина ќе послужи за надградување на етичката рамка и етичките стандарди во информирањето во оваа област.

1 Совет на Европа (2005) *Media and Terrorism – Report Committee on Culture, Science and Education*, достапно на: https://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/X2H-Xref-ViewHTML.asp?FileID=10914&lang=EN

2 OSCE (2017) *Reporting on Violent Extremism and Terrorism – Guidelines for Journalists*, достапно на: https://www.osce.org/mission-to-bosnia-and-herzegovina/442381

# 2 РАДИКАЛИЗАЦИЈА, НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ – ТЕРМИНОЛОШКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Еден од поголемите предизвици со кои се соочуваат новинарите при информирањето за радикализацијата, насилниот екстремизам и тероризам е недоволното разбирање на овие поими. Тоа, пак, може да доведе до погрешни перцепции кај јавноста. Токму медиумите имаат клучна улога во објаснувањето на овие поими за поширокаta јавност.

## 2.1. Радикализација

Радикализацијата има различни значења во различен контекст. Некои ја опишуваат во поширока смисла, односно како процес преку кој поединци и групи определуваат далекусежни и драматични промени и прават чекори за да ги постигнат ваквите промени во општеството. Ванден Бос (Van den Bos) ја дефинира радикализацијата како процес на зголемена подготвеност да се следат и/или да се поддржат радикални промени во општеството, доколку е потребно и на недемократски начин, што е во конфликт со демократскиот правен поредок или пак, може да претставува закана за него[3].

3 Van den Bos, K. (2018) *Why people radicalize,* New York, USA: Oxford University Press

## 2.2. Екстремизам

Екстремизмот, исто така има различни значења. Се дефинира како гласно или активно спротивставување на фундаменталните вредности вклучувајќи ги демократијата, владеењето на правото, индивидуалната слобода и почитувањето и толеранцијата кон различните вери и уверувања[4]. За екстремизам се сметаат политичките, религиозните или други идеи или дејствија кои што се екстремни и не се нормални, разумни или прифатливи за најголем дел од луѓето[5].

Насилниот екстремизам се дефинира како застапување, вклучување, подготвеност или друг начин на поддршка на идеолошко мотивирано или оправдано насилство за да се остварат социјални, економски или политички цели[6].

## 2.3. Тероризам

Постојат голем број на дефиниции за тоа што претставува тероризмот. Некои го дефинираат како „употреба на насилство врз случајни цивилни цели со цел да се заплашат или да се создаде општ сеприсутен страв заради постигнување на политички цели“[7].

Се смета дека дефиницијата за тероризмот се менува со тек на време, но „неговите политички, религиозни или идеолошки цели, практично, никогаш не се промениле“[8].

4 Gov.uk (2015) *Counter-extremism strategy – policy paper,* достапно на: https://www.gov.uk/government/publications/counter-extremism-strategy

5 Oxford Learner's Dictionary, достапно на: https://www.oxfordlearnersdictionaries.com/definition/english/extremism

6 GSDRC, https://gsdrc.org/professional-dev/violent-extremism/

7 Yonah, A., (1976). *International Terrorism: National, Regional and Global Perspectives.* New York: Praeger, p. xiv.

8 Sloan, S. (2006). *Terrorism: The Present Threat in Context.* Oxford: Berg Publishers.

# 3 УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ

## 3.1. Зошто е клучна одговорноста на медиумите?

Медиумите на јавноста треба да ѝ обезбедат целосни, веродостојни и проверени информации. Но, во околности кога на општеството му се закануваат појави како што се тероризмот и насилниот екстремизам, таквата улога е отежната, поради постоењето клима на страв, паника и закани.

И покрај тоа што аспектот на новинарска вредна сторија има голема улога во информирањето, сепак она што е примарно е да се погледне низ призма на етиката за да се проверат границите во известувањето. Неретко се случува медиумите да им овозможат на терористите да го добијат публицитетот кој што го очекуваат. Се случува да има синергија меѓу потребата на медиумите за сензационалистичка сторија и желбата на терористите за публицитет[9].

Најголем дел од стандардите кога се известува за овие теми се засноваат на основните начела на новинарската работа: точност, независност, рамнотежа и одговорност. Во исто време, новинарите мора да бидат свесни за последиците од своето известување и за начинот на којшто ги врамуваат овие теми и покрај обврската за точност, почитување на

9 Matusitz, J., (2013) *Terrorism and Communication: A Critical Introduction* (London: SAGE).

роковите и објективност. Секогаш мора да се размислува низ призма на тоа како известувањето влијае врз паниката, стравувањата, процесот на радикализација и опасноста од повторување на ваквите чинови.

Со цел да стекнат доверба и да покажат дека дејствуваат во интерес на јавноста, новинарите треба да известуваат не само за последиците од насилниот екстремизам и тероризам, туку и да упатат на причините за нивната појава. Тоа подразбира не само да се известува за постоечките факти, туку и да се даде контекст на случувањата, притоа почитувајќи ги врвните етички начела и стандарди на професијата.

## 3.2. Препораки за професионално и етичко известување

### 3.2.1. Верификување на информациите и информирање преку факти

Во околности на екстремистички и терористички закани или напади, дезинформациите и шпекулациите се шират со голема брзина, со што дополнително се зголемува вознемиреноста и паниката кај луѓето. Новинарите треба да трагаат по точни, непристрасни, сеопфатни, независни и аргументирани информации. Тие треба да бидат особено претпазливи во однос на ширењето терористичка пропаганда, како и пропаганда од страна на други потенцијални актери. Во исто време, новинарите мора да се спротивстават на какви било влијанија што произлегуваат од политичките наративи[10].

Полицијата и безбедносните служби, вообичаено се примарните извори во обезбедувањето на навремени и детални информации за јавноста. Од друга страна, не е доволно само да се пренесуваат информации добиени од институции, без дополнителни перспективи и информации коишто ќе го одразат мислењето на експертската заедница, граѓаните и други релевантни извори на информации.

10 OSCE Mission in Kosovo (2018) *Guide for reporting on violent extremism*, достапно на: https://www.osce.org/mission-in-kosovo/375436

Пред да се прифати тврдењето на власта и институциите околу тоа кој ја сноси одговорноста за нападот, новинарите мора да го преиспитаат потеклото на информацијата и да се обидат да обезбедат соодветни докази. Во исто време, мошне е важно внимателно да им се пристапи на тврдењата на оние што преземаат одговорност за терористичките акти. Понекогаш таквите чинови се случуваат поради криминални мотиви, а погрешно се идентификуваат како терористички напади[11].

Новинарите треба да се внимателни и во однос на изјавите на експертите, коишто можат да бидат под силно влијание на одредени уверувања и да бидат насочени кон промовирање на агендата на поединци или групи што ги поддржуваат. Особено е важно експертските мислења да не се третираат како факти и да се консултираат повеќе соговорници заради рамнотежа во известувањето и споредување на различните ставови.

Недоволната проверка на информациите и потпирањето на претпоставки и шпекулации носи големи ризици и нецелосни стории. Со тоа се загрозува и јавниот интерес.

Неколку корисни препораки:

- **Новинарите треба да ѝ објаснат на публиката** со кои информации располагаат, а со кои не.
- **Да ги посочат изворите на информации** до степен до којшто е возможно.
- **Новинарите треба да бидат колку што е можно потранспарентни**, истовремено упатувајќи и на ограничувањата на информациите. Транспарентноста е клуч за довербата.
- **Никогаш да не го претпоставуваат можниот развој на настаните.**
- **Верификацијата на информациите е најважна.** Притисокот да се информира брзо не смее да го загрози правото на јавноста да добие точни информации. Со зголемувањето на обемот на најнови информации, потребна е прецизна проверка на информациите.

11 Internews (2019) *Handbook – A conflict sensitive approach to reporting on conflict and violent extremism*, достапно на: https://internews.org/sites/default/files/2020-01/Handbook_Reporting_Violent_Extremism_eng2020.pdf

## 3.2.2. Урамнотежено и независно информирање

Должноста да се информира подразбира критичка дистанца меѓу медиумите и реакциите на публиката, изјавите и дејствијата на власта и другите извори на информации, без разлика дали се политички партии од опозицијата или здруженија и личности од јавната сфера[12]. Таквиот пристап не е едноставен со оглед на тоа што медиумите се соочуваат со ризикот да бидат обвинувани од страна на јавноста и власта за нелојалност во услови на заедничка закана. Но, на долг рок тоа го заштитува нивниот интегритет и демократска функција.

Доброто новинарство треба да биде независно, урамнотежено и одговорно или, поедноставно:

**Точност + независност + одговорност = доверливост.**

Новинарите треба да известуваат на урамнотежен и неутрален начин и да ѝ овозможат на публиката самата да процени кој што сторил.

12 UNESCO (2017) *Terrorism and the Media – Handbook for Journalists*, достапно на: https://en.unesco.org/news/terrorism-and-media-handbook-journalists

## 3.2.3. Користење соодветен речник и терминологија

Речникот треба да биде конкретен и конзистентен. Екстремизмот и тероризмот се тешки теми и потребно е да се води сметка да не се користи речник со вредносни судови и проценки. На публиката треба на соодветниот начин да ѝ се пренесат последиците од тоа што се случило. Потребно е да се користат зборови кои точно и конкретно го опишуваат тој што го сторил делото, како што е „бомбаш“, „напаѓач“, „вооружено лице“, „киднапер“, „милитант“, итн.[13]

Тонот и изборот на зборови не само што помага да се избегне паниката, туку и да се спречат чинови на одмазда кон поединци и групи коишто според перцепцијата на публиката се извршители на нападот[14].

Пред да се известува за радикализацијата, насилниот екстремизам и тероризмот потребно е добро да се разбере што подразбираат тие. Со тоа ќе ѝ се овозможи и на публиката да ги разбере соодветно. Свесноста за перцепциите на публиката и соодветното контекстуализирање се важни за професионалното и независното известување[15].




13 BBC Editorial Guidelines, Section 11: War, Terror and Emergencies – Guidelines, достапни на: https://www.bbc.com/editorialguidelines/guidelines/war-terror-emergencies/guidelines

14 UNESCO (2017) *Terrorism and the Media – Handbook for Journalists*, достапно на: https://en.unesco.org/news/terrorism-and-media-handbook-journalists

15 OSCE Mission in Kosovo (2018) *Guide for reporting on violent extremism*, достапно на: https://www.osce.org/mission-in-kosovo/375436

### 3.2.4. Избегнување на сензационалистичко известување

При известувањето за насилен екстремизам и тероризам, медиумите ќе бидат исклучително внимателни и ќе избегнуваат сензационалистички наслови и непроверени информации, водејќи сметка да не создаваат дополнителна вознемиреност и паника кај јавноста.

Притоа, медиумите внимателно треба да проценат дали јавниот интерес е посилен во споредба со потенцијалната штета што би ја предизвикале со известувањето за кризата или терористичкиот настан.

Во такви околности, медиумите треба да го имаат предвид следново[16]:

- **Да ја избалансираат** пропорционалноста меѓу јавниот интерес и потенцијалната штета
- **Да утврдат** дали степенот на потенцијална штета е поголем од јавниот интерес за самата содржина
- **Да утврдат** што всушност е потребно за на јавноста да ѝ се понуди доволно сеопфатен извештај за она што се случило
- **Да проценат** дали повторувањето, интезитетот и/или вознемирувачката природа на содржините ќе ја надминат границата за она што е неопходно за информирање на публиката
- **Да проценат** дали објавувањето на содржините ќе предзвика вознемиреност и стрес кај публиката, семејството и пријателите на жртвите
- **Да бидат претпазливи** кон експлицитните визуелни и графички содржини, итн.

При известувањето за тероризам неретки се шокантните слики на човечко страдање и застрашувачки глетки. Медиумите треба да ја заштитат публиката и настрадaните и нивните најблиски. Тие се должни на публиката, но и на тие за коишто информираат.



16 Broadcasting Standards Authority (2020) *Considerations for reporting on terrorism, violent extremism and crisis events*, достапни на: https://www.bsa.govt.nz/assets/9c2e22b0b8/BSA-Guidance-Note-on-Reporting-on-Terrorism-Short-Final.pdf

### 3.2.5. Користење соодветен контекст

Паралелно со известувањето низ факти, публиката очекува и анализа и соодветен контекст околу случувањата. Медиумите не треба само да известуваат брзо, туку и да креираат подобар контекст и јасност во содржините што ги пласираат. Доброто новинарство подразбира длабинско информирање, обезбедување на поширокатa слика, објаснување на специфичниот контекст во којшто се случуваат настаните, разгледување на потенцијалните последици, можните решенија на проблемите, итн.

Медиумите треба да се фокусираат на околностите и контекстот во заедницата каде што се известува и да ги проценат последиците од објавените информации, а особено во контекст на општествена кохезија.

Контекстот честопати добро се претставува и преку визуелизација на податоците. При опремувањето на содржините особено треба да се внимава и на користењето на фотографиите и/или снимките. Со користење на архивски снимки од други настани и нивно погрешно поврзување со темата и контекстот за којшто се зборува може да се предизвикаат штетни последици.



### 3.2.6. Заштита на изворите на информации

Клучен фактор е да се обезбеди согласност за објавување на информациите што произлегуваат од разговорот/интервјуто со изворите на информации. Соговорниците мора да знаат на кој начин ќе се искористи материјалот и треба да бидат во можност да ги проценат последиците од тоа. Истовремено, мора да се има предвид и дека луѓето коишто биле изложени на траума и шок можеби не размислуваат рационално и можеби не се во можност да дадат согласност[17]. Разговорите со сведоци на несреќи и непогоди, со повредени и болни лица, медиумите ќе ги водат со внимание, сочувство и полно разбирање за физичката и емотивната состојба на тие лица.

Медиумите треба да бидат особено внимателни при известувањето за сведоците на кривични дела на кои врз основа на закон им е доделен статусот на заштитен сведок. Должноста да се гарантира доверливоста на изворите на информации подразбира дека новинарите ќе водат сметка да не бидат препознаени нивните идентитети. Последиците од непромисленоста можат да бидат поразителни.

### 3.2.7. Необјавување сензитивни информации и вознемирувачки и експлицитни содржини

Медиумите треба да избегнат објавување содржини (снимки, фотографии) што прикажуваат злосторства и насилство, освен ако е тоа особено важно за јавниот интерес. Во тој случај, ќе објават предупредување дека следува содржина што може да ја вознемири публиката.

Во Уредувачките насоки на Би-Би-Си е истакнато дека „новинарите не смеат да откриваат безбедносни детали или други сензитивни информации коишто би можеле да бидат искористени за напад[18]. Понатаму, не треба да се открива идентитетот на поединци или организации коишто инаку не

17 Internews (2019) *Handbook – A conflict sensitive approach to reporting on conflict and violent extremism*, достапно на: https://internews.org/sites/default/files/2020-01/Handbook_Reporting_Violent_Extremism_eng2020.pdf

18 BBC Editorial Guidelines, Section 11: War, Terror and Emergencies – Guidelines, достапни на: https://www.bbc.com/editorialguidelines/guidelines/war-terror-emergencies/guidelines

би биле во опасност како можни цели, освен доколку редакцијата не го оправдува тоа[19].

Во случаи на киднапирање, заложништво, опсади, бомбардирање и слични настани, медиумите мора да водат сметка дека сè што би објавиле може да се види и слушне од страна на оние коишто го извеле дејството, без разлика каде и да се наоѓаат. Медиумите не треба да објавуваат критични информации за тековни ситуации на заложништво освен доколку безбедноста на заложниците веќе не е под закана или пак, доколку не е потврден прекинот на кризата од официјални извори[20].

Не треба да се прикажуваат и полициските интервенции додека се во тек.

Медиумите не смеат да послужат и како платформа за промовирање идеи на терористите и екстремистите. Барањата на терористите/екстремистите не треба да се емитуваат во живо.

Редакциите треба внимателно да проценат како ќе постапат со материјалите што се емитуваат во живо на социјалните мрежи. На пример, Си-Ен-Ен ја исклучи опцијата за автоматско прикажување на видео на своите Фејсбук страници во врска со одредени терористички напади и редовно предупредува за потенцијално вознемирувачката содржина[21].

Главната причина за неемитување на сцените на тероризмот во живо е за да се избегне луѓето да бидат доведени во опасност. Во исто време, со тоа ќе се спречи теористите да добијат корисни информации за распоредувањето на безбедносните сили и мерките што се преземаат во моментот.

19 Ibid

20 Benhamou, J. (2020) *What guidelines should the media follow in its coverage of terrorist acts, The International Counter-Terrorism Review* —policy paper #1 (ICTR), достапно на: https://www.ict.org.il/images/Paper1_ThinkOutsideTheBox.pdf

21 Beckett, C. (2016) *Fanning the flames: Reporting on terror in a networked world*, Columbia Journalism School – Tow Center for Digital Journalism, Democracy Fund Voice, достапно на: https://www.cjr.org/tow_center_reports/coverage_terrorism_social_media.php

### 3.2.8. Почит кон жртвите и нивните најблиски

Медиумите мора да водат сметка да го заштитат достоинството на жртвите, на нивните семејства и на лицата коишто се погодени од трауматичните настани.

Во етичка смисла, постојат дилеми и загриженост околу тоа колку е соодветно да им се пристапи на лицата коишто се во состојба на шок и длабока жалост. Природно е да се почитува нивната приватност, болка и жалост и во таквите околности да им се помогне.

Во однос на користењето снимки од жртвите, треба да се земе предвид следново[22]:

- **Приватноста на жртвите** и дали објавувањето на снимки коишто ги прикажуваат се оправдува со јавниот интерес односно дали јавниот интерес е доволно силен за да се оправда нарушувањето на приватноста?
- **Која е целта на снимките** односно дали тоа се прави за да се понудат "хуманизирачки и освестувачки информации" за она што се случувало или пак, тоа се прави заради сензационалност или поттикнување љубопитност.

### 3.2.9. Известување за тековни истраги и судски процеси

Медиумите не смеат да известуваат на начин што ќе ја компромитира правдата. Нивната улога е да спречат судските процеси да станат спектакли и да се спречи терористите да добијат можност за публицитет за своите постапки. Во исто време, медиумите треба да се свесни дека власта може да го наруши интегритетот на судскиот процес со оркестрирање драма заради политичко поентирање[23].

22 Broadcasting Standards Authority (2020) *Considerations for reporting on terrorism, violent extremism and crisis events*, достапни на: https://www.bsa.govt.nz/assets/9c2e22b0b8/BSA-Guidance-Note-on-Reporting-on-Terrorism-Short-Final.pdf

23 UNESCO (2017) *Terrorism and the Media – Handbook for Journalists*, достапно на: https://en.unesco.org/news/terrorism-and-media-handbook-journalists

Во известувањето за истражни и судски постапки, медиумите ќе се повикуваат на информации од официјални истражни и правосудни органи, без сензационалистички пристап во информирањето. Притоа, особено ќе внимаваат какви термини употребуваат за статусот на лицата во постапките за кои известуваат, со цел да не го повредат нивното право на пресумпција на невиност[24].

Медиумите нема да известуваат со предрасуди и да донесуваат избрзани судови за вината на осомничените лица, ниту пак, ќе го прејудицираат исходот од судските постапки за да не влијаат врз судските органи и врз текот на постапките.

### 3.2.10. Креирање простор за дијалог

Насилниот екстремизам се развива во околности на поделеност во општеството и каде што не постои доволно дијалог. Во овој контекст, новинарите може да имаат мошне важна улога во обезбедувањето простор за доближување на спротивставените страни и за искажување на нивните гледишта.

Особено е важно да се слушнат пораките што сакаат да ги упатат маргинализираните заедници кон власта и јавноста. Во исто време, новинарите треба да следат дали власта и институциите прават нешто околу унапредување на положбата и адресирање на потребите на овие лица.

Новинарите треба да гарантираат урамнотежено претставување кое до најголем степен ќе ги рефлектира мислењата на групата или заедницата, преку диверзификација и зголемување на застапеноста на изворите на информации[25]. Начинот на којшто ќе се направи тоа, ќе произлезе од анализата на начинот на којшто се врамени сториите за овие теми, а особено на разноликоста на страните што се консултираат. Особено е

24 СЕММ (2020) *Насоки за етичко известување во онлајн медиумите*, достапни на: https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite

25 OSCE Mission in Kosovo (2018) *Guide for reporting on violent extremism*, достапно на: https://www.osce.org/mission-in-kosovo/375436

важно да се разгледа социјалното влијание на известувањето, а не само да се размислува низ призма на фактите, статистиката и драматичноста на настаните. Медиумите, исто така, имаат посредувачка улога во емоционалното влијание врз публиката.

### 3.2.11. Претпазливо користење содржини од социјалните медиуми

Социјалните медиуми се еден од најчесто користените ресурси за информации поврзани со терористички настани. Токму таму неретко се пријавува тероризмот, што може да влијае на натамошниот тек на информирање. И самата публика има неограничен и директен пристап до голем обем на информации од широк спектар на извори. Публиката може директно да добие информации од граѓаните, власта, па дури и од самите терористи[26].

Во ера на социјалните медиуми сите сакаат да бидат први, но доколку содржините не се верификуваат се губи целта на брзото објавување информации. Како што се проверуваат содржините од други извори, така треба да се проверуваат и од социјалните мрежи. Тие може да бидат валиден и важен извор, но информациите мора да се верификуваат и да се стават во контекст. Има доста ситуации во коишто содржините и фотографиите на социјалните мрежи не се проверени, може да бидат извадени од контекст или пак, да се тенденциозно искреирани заради постигнување одредени цели.

На новинарите им се на располагање бројни алатки за проверка на содржините онлајн (на пример, TinEye7, Google Reverse Image, итн.).

24 Beckett, C. (2016) *Fanning the flames: Reporting on terror in a networked world*, Columbia Journalism School – Tow Center for Digital Journalism, Democracy Fund Voice, достапно на: https://www.cjr.org/tow_center_reports/coverage_terrorism_social_media.php

Здружение на новинарите на Македонија